HALKBANK

Одлична можност да се приклучите кон реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим, кој преку своите активности придонесува во остварување на целите и стратегијата  и додава вредност со унапредувањето на процесите и активностите.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на новвработени лица  во Дирекцијата за кредитирање на корпоративни клиенти и МСП на следната работна позиција:

## Самостоен референт во Одделение за кредитирање на мали и средни претпријатија
## (Референца Бр. 015/2024)

**Основни работни задачи:**

- • Спроведување на задачи и активности од делокругот на анализа и разгледување на кредитни предлози;
- Согледување на кредитниот ризик за секој поединечен кредитен предлог;
- Давање на мислење за кредитните предлози и предлозите за издавање на согласности кои се однесуваат на колатералот, преку согледување на клучните ризици од кредитен аспект и предлози за намалување на истите;
- Спроведување на задачи кои се однесуваат на гаранциско работење;
- Секојдневна комуникација со филијалите на Банката за прашања во доменот на работење на Одделението;
- Следење на регулативата (екстерна и интерна) која се однесува на кредитирање и обезбедување на нејзина имплементација во секојдневното работење;
- Давање на предлози за унапредување на интерната регулатива/процесите;
- Подготовка на извешати и нивна достава согласно интерната регулатива;
- Спроведување на други задачи и активности од делокругот на работењето на Одделението согласно интерната регулатива.

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- • Завршено ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ VII/1 степен Економски Факултет, насоки: Финансиски менаџмент, Сметководство и ревизија, Банкарство;
- Работно искуство на иста или слична позиција од најмалку 2 (две) години;
- Познавање на прописите од областа на кредитирање;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;
- Напредно користење на MS-Office (Word, Excel и Microsoft Outlook);

**Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Свесност за кредитни ризици кои произлегуваат од процесот на кредитирање на правни лица МСП клиенти;
- Солидно разбирање на бизнис процесите на кредитирање на правни лица ;
- Поседување на солидни познавања од законската регулатива во областа на кредитирање на правни лица;
- Разбирање на економската средина и пазар ;
- Усмени и писмени комуникациски вештини;
- Аналитички способности
- Способност за самоорганизирање и навремено завршување на работите
- Ориентација кон постигнување на резултати и решавање на проблеми
- Способност за работа во тим

**Бенефиции:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги исполнувате условите од огласот, ве охрабруваме да аплицирате **најдоцна до 13.06.2024 година**, на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 015/2024 – Самостоен референт во Одделение за кредитирање на мали и средни претпријатија**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.